Јавно Претпријатие за заловување и третман на бездомни кучиња СТАЦИОНАР-ЛАНА
Бр. 02-377/1
30.06 2023 год.
Струмица

Врз основа на член 40 став 2 од Статут на ЈПЗБК ,,Стационар-Лана" Струмица, Управниот одбор на ЈПЗБК ,,Стационар-Лана" Струмица на ден 20.06.2023 година, донесе:

СТАТУТАРНА ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈПЗБК ,,СТАЦИОНАР-ЛАНА" СТРУМИЦА

**Член 1**

Поради потреба од усогласување на статутот со важечките прописи се врши изменување и дополнување во Статутот на ЈПЗБК ,,Стационар-Лана" Струмица.

**Член 2**

Во Статутот на ЈПЗБК ,,Стационар-Лана Струмица" број 01-01/1 од 20.04.2023 година, по членот 3 се додава нов член 3-а и се запишува текстот кој гласи:

***,,Висината на средствата за основање на Јавното претпријатие за заловување и третман на бездомни кучиња ,,Стационар-Лана" Струмица износува 4.850.000,оо денари."***

***,,Средствата од ставот на овој член се обезбедени од Буџетот на Општина Струмица како основач на претпријатието."***

**Член 3**

Оваа статутарна одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се применува по добивање согласност од Советот на Општина Струмица.

**Управен одбор**

**Претседател**

Јавно Претпријатие за заловување и третман
на бездомни кучиња СТАЦИОНАР ЛАНА Струмица
Примено: 28.07.2023
Орг. един. | Број | Прилог | Вредност
01 | 407/1 | |

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22), и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 11.07.2023 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за давање согласност на Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈПЗБК ,,Стационар - Лана“ Струмица**

1. Се дава согласност на Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈПЗБК,,Стационар - Лана“ Струмица, бр. 02-377/1 од 30.06.2023 година, донесена од Управниот одбор на ова претпријатие.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-5855/1
12.07.2023 год.
С т р у м и ц а

Совет на општина Струмица
Претседател,
Марјан Даскаловски